**20151434072**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 59 став 2 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија“ бр.138/14 и 33/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.8.2015 година, донесе

# ПРОТОКОЛ ЗА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

## Вовед

Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилство се донесува заради сеопфатно и ефикасно преземање на мерки за превенција, спречување и заштита од семејно насилство во Република Македонија, во согласност со националната регулатива од оваа област.

Со овој протокол се обезбедува ефикасна и успешна соработка на надлежните институции и здруженија заради заштита, помош и поддршка на жртвите на семејно насилство, како и обезбедување на третман на сторителите на семејно насилство.

Овој протокол ги уредува видовите, начинот и содржината на соработката помеѓу надлежните субјекти при преземањето на мерки за превенција, спречување и заштита на жртвите од семејното насилство и преземање на законски мерки против сторителите на семејното насилство.

## 1. Основна цел

Основна цел на овој протокол е воспоставување на делотворна меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија, за да се обезбеди итна и ефикасна заштита и поддршка на жртвите на семејно насилство, спречување на идно насилство и одговорност на сторителот на семејно насилство.

Итното, сеопфатно и координирано постапување е насочено кон запирање на актуелното насилство, заштита на жртвата од идно насилство и обезбедување на соодветна психо - социјална поддршка непосредно по инцидентот, пред, во текот и по завршувањето на правните постапки, односно независно од тоа дали се води правна постапка, како и обезбедување на економска независност на жртвата.

Сеопфатното и координирано постапување започнува со препознавањето дека суштинска карактеристика на семејното насилство е неговата родова заснованост, иако како сторители може да се јават и мажи и жени. Постапувањето на надлежните институции и здруженија и нивната меѓусебна соработка поаѓа од родовото разбирање на насилството со што директно придонесува кон постигнување на родова рамноправност.

## 2. Основни начела

Надлежните институции и здруженија во меѓусебната соработка и координираното постапување се раководат од следниве начела:

- забрана на дискриминација и родова еднаквост;
- итност и ефикасна заштита;
- почитување на интегритетот и достоинството на жртвата;

- одговорно и должно постапување;
- должно внимание на правата, интересите и потребите на жртвата;
- доверливост и размена на податоци;
- сигурност на жртвата;
- засилена заштита и почитување на најдобриот интерес на детето;
- засилена заштита на старо лице, лице кое не е во состојба да се грижи за себе и лице со ограничена и деловна способност и
- координиран одговор.

### 3. Содржина и начин на меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија

Примената на овој протокол ја унапредува итната соработка помеѓу надлежните институции и здруженија во откривањето и спречувањето на семејното насилство, како и обезбедување на помош и заштита на жртвата/ите.

Надлежните институции и здруженија заради превенција, спречување и заштита на семејното насилство, постапуваат на следниов начин:
- преземаат потребни мерки за доследно почитување на овој протокол;
- разменуваат податоци и информации заради заедничко постапување и соработуваат заради водење на евиденција;
- меѓусебно соработуваат и преземаат заеднички мерки на ниво на превенција, спречување и заштита на жртвите на семејно насилство.

Надлежните институции и здруженија, заради обезбедување на помош, поддршка и заштита на жртвите:
- постапуваат со должно внимание и почитување на правата и достоинството на жртвите;
- ја информираат за правата и постапките за нејзина заштита и спречување на идно насилство;
- преземаат мерки и активности на начин на кој ја намалуваат секундарната виктимизација;
- преземаат мерки и активности, имајќи ја во предвид здравствената и емоционалната состојба на жртвата;
- го информираат сторителот на семејното насилство за последиците од стореното семејно насилство;
- ги евидентираат случаите на семејно насилство според релевантни индикатори.

## I. СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

**- Пријавување во Центар за социјална работа**

Стручното лице од Центарот за социјална работа (во натамошниот текст: стручното лице од центарот) кога ќе добие сознание за семејно насилство, за спроведување на работите од својата надлежност остварува соработка на следниов начин:

1. По извршениот контакт со жртвата, веднаш а најдоцна за 24 часа ја известува надлежната полициска станица, за видот на насилството, за начинот на контактирање со жртвата, околностите под кои е сторено насилството и ризикот за понатамошно загрозување на животот и телото на жртвата. Кога жртви на семејно насилство се деца, стручното лице од центарот ја известува надлежната полициска станица без оглед дали постои согласност на родителот односно старателот.

2. Кога жртвата има потреба од здравствена услуга, стручното лице од центарот веднаш и издава потврда дека пријавила семејно насилство и обезбедува жрвата да добие здравствена услуга и медицинска документација во здравствена установа. Здравствениот работник врз основа на потврда издадена од центарот, ја дава потребната здравствена услуга и документација, која е бесплатна за жртвата.

3. Кога во семејството има дете, стручното лице од центарот најдоцна за 24 часа остварува непосреден контакт со психолошко–педагошката служба во предучилишната установа/училиштето, заради заедничко и координирано преземање на активности и мерки насочени кон сеопфтна заштита на детето, водејќи се од најдобриот интерес на детето.

4. Кога жртвата има потреба од услуга која ја дава здружение, стручното лице во центарот во согласност со жртвата, најдоцна за 24 часа го известува и остварува контакт со здружението заради упатување на жртвата до услугите за кои има потреба.

5. Личните податоци и информации за пријавеното семејно насилство се споделуваат на начин што обезбедува најсоодветна заштита на потребите на жртвата. Стручните лица од надлежните институции и здруженија во рамките на соработката со центарот, споделуваат податоци и информации на начин утврден со закон.

6. Во случај на добиена информација за непосредно загрозување на животот и здравјето на жртвата, од страна на стручното лице од центарот се повикува полиција, се бара нивна интервенција и заеднички се излегува на лице место.

7. Доколку при непосредниот увид на местото каде се случило семејното насилство стручните лица од центарот утврдат постоење на сериозни повреди кај жртвата, веднаш се повикува итна медицинска помош или на жртвата и се обезбедува здравствена услуга во здравствена установа.

8. Кога жртвата се згрижува во Центар за лица - жртви на семејно насилство, од страна на стручните лица од центарот писмено се известуваат командирот/раководниот полициски службеник на полициската станица на чие подрачје е сместена жртвата, како и полициската станица во местото на живеење на жртвата дека истата е згрижена од страна на центарот.

**- Во текот на спроведувањето на мерките за заштита**

Стручното лице од центарот во текот на спроведувањето на мерките за заштита, соработката ја остварува на следниов начин:

1. При интервентно сместување на жртвата во Центар за лица - жртви на семејно насилство, редовно контактира со здружението кое дава услуги за згрижување на жртвата на семејно насилство во период од 24 до 48 часа.

2. Кога жртвата е сместена во Центар за лица - жртви на семејно насилство, стручното лице од центарот редовно контактира со здружение кое дава услуга за згрижување, односно со стручни лица во Центарот за лица - жртви на семејно насилство, заради обезбедување на психосоцијална поддршка на жртвата и преземање на соодветни мерки за реинтеграција на жртвата во нејзината природна средина и секоја потребна мерка за понатамошна заштита.

3. Кога жртвата треба безбедно да ги земе личните работи од домот/местото на живеење, стручното лице од центарот непосредно контактира, разменува податоци и информации со надлежниот полициски службеник.

4. Кога на жртвата и се обезбедува психо-социјален третман во советувалиште, стручното лице од центарот остварува контакт со советувалиштето, кое ја дава услугата. Од страна на стручните лица во советувалиштето, на месечна основа се известува центарот за социјална работа (во натамошниот текст: центарот) за резултатите од успешноста на третманот.

5. Кога се презема/ат мерка/и за заштита на жртвата, а сторителот посетува соодветно советувалиште, стручното лице од центарот остварува контакт со стручните лица во советувалиштето. Од страна на стручните лица во советувалиштето се известува центарот за отпочнување на третманот и резултатите од успешноста на третманот.

6. Кога се презема мерка за заштита на жртвата – соодветна здравствена заштита, стручното лице од центарот непосредно контактира со надлежната здравствена установа, разменува податоци и информации заради обезбедување на соодветна здравствена заштита на жртвата.

7. Кога се презема мерка за заштита на жртвата – помош на семејството за редовно школување на дете, стручното лице од центарот непосредно контактира со педагошко-психолошката служба во надлежното училиште, заради обезбедување на редовно образование на детето. Стручното лице од центарот соодветно постапува за редовно вклучување на детето и во предучилишната установа.

8. Заради остварување на бесплатна правна помош, стручното лице во центарот ја упатува жртвата до подрачното одделение на Министерството за правда или до овластеното здружение, издава потребна документацијата за остварување на правото на бесплатна правна помош и правно советување, а по потреба остварува и непосреден контакт.

9. При преземање на мерки за економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, стручното лице од центарот најдоцна до седум дена од отпочнувањето на постапката, ја известува Агенцијата за вработување на Република Македонија – надлежниот центар за вработување и споделува податоци и информации за жртвата. Стручното лице од надлежниот центар за вработување на месечна основа го известува стручното лице од центарот за текот на преземените активности за вклучување на жртвата во активнните мерки за вработување, се до нејзино вработување.

**- Во текот на следењето на привремените мерки за заштита, соработката се остварува на следниот начин:**

1. При следење на извршувањето на привремените мерки за заштита стручното лице од центарот непосредно контактира, разменува податоци и информации и по потреба взаемно постапува со надлежните полициски службеници во ситуации кога жртвата треба безбедно да ги собере личните работи од домот/местото на живеење, кога постои ризик за безбедност на жртвата од сторител при извршување на привремена мерка за заштита и кога постои ризик за безбедност на жртвата од сторител кој е на лекување и/или третман.

2. При следење на извршувањето на привремените мерки за заштита, кои ги извршува Министерството за внатрешни работи, стручното лице од центарот разменува податоци и информации, а по потреба и взаемно постапува со надлежните полициски службеници и службите во предучилишната установа/училиштето. Стручното лице од центарот во текот на следењето на овие мерки бара известување за текот и начинот на извршување на привремените мерки за заштита.

3. При следењето на извршувањето на изречената мерка за заштита на жртвата – задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува алкохол, дрога, други психотропни супстанци или има психичко заболување, стручното лице од центарот остварува контакт со здравствените работници од здравствената установа која ја извршува мерката. Од страна на здравствената установа на месечна основа се доставува известување до надлежниот центар за спроведувањето на третманот и резултатите од успешноста на третманот согласно воспоставените нормативи и стандарди.

4. При следењето на извршувањето на изречената мерка за заштита - посетување на соодветно советувалиште, стручното лице од центарот остварува контакт со стручните лица во советувалиштето и добива известување за спроведувањето на третманот и резултатите од успешноста на третманот.

5. При следењето на извршувањето на изречената мерка за заштита, стручното лице од центарот непосредно контактира и взаемно постапува со надлежните служби во предучилишната установа/училиштето кога постои потреба за запишување на детето во друга предучилишна установа/училиште, кога постојат нарушени односи за доверување на дете и одржување на лични односи.

6. При постапување во случаи на семејно насилство како и при спроведување и следење на мерките за заштита, за следењето на извршувањето на привремената мерка за заштита, стручното лице од центарот ја информира жртвата за правата и услугите, за поддршка на жртвата на семејно насилство (здравствена услуга, придружник, право од социјална заштита, бесплатна правна помош и друга потребна услуга), како и за начинот на остварување на услугите, во текот на целиот временски период од отпочнување на постапката до нејзиното завршување.

## II. СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

**- При пријавување во полиција соработката се остварува на следниот начин:**

1. По примено сознание за семејно насилство во полициска станица, надлежниот полициски службеник веднаш, а најдоцна за 24 часа доставува писмено известување до центарот кое содржи податоци за насилството, жртвата и нејзини/негови контакт податоци со кои располага полицијата.

2. Во случај кога жртвата се наоѓа во полициска станица и има потреба од итна здравствена услуга, полицискиот службеник веднаш и без одлагање и обезбедува на жртвата да добие здравствена услуга.

**- При преземање на полициски мерки и активности соработката се остварува на следниот начин:**

1. Кога дежурниот полициски службеник при сознание за семејно насилство упатува полициски службеници на местото на настанот за понатамошно преземање на полициски работи, како и во случај кога полициските службеници непосредно забележуваат семејно насилство и преземаат мерки за спречување на сторителот во понатамошно вршење на насилство, а на местото каде се случило, односно случува семејното насилство се присутни деца или лица со ограничена или одземена деловна способност, веднаш и без одлагање се повикува полициски службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи кој веднаш остварува контакт со претставник од надлежниот центар за понатамошно постапување.

2. По преземените мерки и активности на местото на настанот, а кога има потреба за сместување на жртвата на безбедно место, се повикува полициски службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи кој веднаш остварува контакт со центарот и/или здружение кое обезбедува услуга на сместување.

3. Во случај кога постои сериозна опасност по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и ризик од повторување на насилството и по добивање на судска одлука за извршување на привремена мерка за заштита отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, полицијата веднаш пристапува кон нејзино спроведување. Доколку сторителот се грижи за дете, лице со одземена деловна способност или лице кое не може да се грижи само за себе го повикува и на лице место остварува соработка со претставници од центарот заради преземање понатамошни активности.

4. Полицијата во сите случаи кога од судот има изречено привремени мерки за заштита, а кои се во надлежност на полицијата, веднаш презема мерки и активности за спроведување на мерката и за почетокот и текот на извршувањето на изречената привремена мерка писмено го известува центарот. При извршување на привремена мерка

која вклучува забрана за приближување, а која се однесува на деца, полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи, за изречената мерка, контактира и редовно соработува со предучилишната установа/училиштето.

5. Одговорните полициски службеници за спроведување на привремената мерка за заштита, веднаш и без одлагање контактираат и во најкус рок и писмено го известуваат центарот за секое непочитување и прекршување на мерката од страна на сторителот, како и за причините кои го оневозможуваат извршувањето на привремената мерка за заштита.

6. Полициските службеници при постапување во случаи на семејно насилство, како и при извршување на привремената мерка за заштита, согласно закон, ја информираат жртвата за правата и услугите за поддршка на жртвата на семејно насилство (здравствена услуга, придружник, право од социјална заштита, бесплатна правна помош и друга потребна услуга), како и за начинот на остварување на услугите, во текот на целиот временски период од отпочнување на постапката до нејзиното завршување.

7. Одговорниот полициски службеник во сите случаи кога од судот има изречено привремени мерки за заштита за чие извршување е надлежна полицијата, за сите случаи на непочитување и прекршување на мерката од страна на сторителот писмено го известува надлежниот јавен обвинител.

## III. СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

**- При давање на здравствена услуга**

Здравствените работници во случај на сомневање за сторено семејно насилство соработката со надлежните институции и здруженија ја остваруваат на следниот начин:

1. Здравствениот работник по земената анамнеза, извршениот преглед и/или дадена здравствена услуга или друг медицински третман на жртвата, издава соодветна медицинска документација за констатираната повреда, траума или друг наод за семејно насилство, при што извршената здравствена услуга и издадената медицинска документација за жртвите е бесплатна и за тоа писмено ги известуваа центарот и полицијата кои пополнуваат пријава согласно закон.

2. Во случај кога жртвата е донесена во здравствена установа преку службата за итна медицинска помош или од друго лице, здравствениот работник зема анамнеза, врши преглед при што обрнува внимание на повредите, траумата и целосната состојба на пациентот и дава соодветна здравствена услуга, и во случај на сомнение на актуелни и претходни повреди, трауми или други наоди кои укажуваат на семејно насилство писмено го известува центарот, евидентира во медицинската документација и пополнува пријава.

3. Здравствениот работник по земената анамнеза, извршениот преглед и/или дадена здравствена услуга или друг медицински третман од кој произлегува сомнение за семејно насилство, а кога жртвата е дете, лице со намалена односно одземена деловна способност, веднаш контактира и повикува стручни лица од центарот за понатамошна итна заштита на детето (согласно Протоколот за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца), односно лицата со намалена или одземена деловна способност.

4. Здравствениот работник на писмено барање на надлежните органи ја доставува целокупната документација која е од значење за разрешување на случајот и поведување на постапки против сторителот.

5. Здравствениот работник при постапување во случаи на семејно насилство, како и при извршувањето на привремената мерка за заштита, согласно закон, ја информира жртвата за правата, за натамошниот третман и начинот на остварување на здравствената заштита и другите форми на заштита во интегрираниот систем на заштита во други релевантни установи.

6. Здравствениот работник при постапување во случаи на семејно насилство, како и при извршувањето на привремената мерка за заштита, согласно закон, ја информираат жртвата за правата и услугите за поддршка на жртвата на семејно насилство (здравствена услуга, придружник, право од социјална заштита, бесплатна правна помош и друга потребна услуга), како и за начинот на остварување на услугите, во текот на целиот временски период од отпочнување на постапката до нејзиното завршување.

**- При упатување на жртва на семејно насилство, соработката се остварува на следниот начин:**

1. Кога жртвата е препратена преку центарот, здравствениот работник врз основа на потврдата издадена од центарот, извршува преглед и/или друг медицински третман на жртвата и по извршениот преглед и/или друг медицински третман на жртвата и издава соодветна медицинска документација за констатираната повреда од семејно насилство, при што жртвите се ослободени од плаќање на трошоци за извршената медицинска услуга и документација.

2. Здравствениот работник на писмено барање на центарот и/или полиција ја доставува целокупната документација која е од значење за разрешување на случајот и поведување на постапки против сторителот.

3. Здравствениот работник во случај кога насилството во семејството е сторено од лице со проблеми во менталното здравје, презема мерки за да се обезбеди лекување на тоа лице, односно ставање на лицето во контролирани услови согласно Законот за ментално здравје, за што веднаш на барање на центарот во писмена форма доставува известување, а при отпуштање од здравствената установа по завршено лекување го информира центарот кој ја информира жртвата.

**- Во текот на извршување на мерките за заштита и на привремените мерки за заштита, соработката се остварува на следниот начин:**

1. Здравствената установа веднаш по добивање на одлуката од судот, презема мерки за лекување на лицето, односно за извршување на привремената мерка за заштита од семејно насилство – задолжително лекување на сторителот доколку злоупотрбува алкохол, дрога и други пихотропни супстанции или има психичко заболување.

2. Здравствениот работник од здравствената установа при извршување на привремената мерка за заштита на жртвата – задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува алкохол, дрога, други психотропни супстанци или има психичко заболување, остварува контакт со стручните лица од центарот и доставува известување до истите за отпочнувањето на третманот и резултатите од успешноста на третманот согласно стручните упатства за медицина базирана на докази.

## IV.СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

**- Пријава за семејно насилство во**
**- предучилишна установа/училиште**

Стручните соработници од психолошко-педагошката служба во предучилишна установа/училиште во случај на сомневање за сторено семејно насилство, соработката со надлежните институции и здруженија ја остваруваат на следниот начин:

1. Стручните соработници на педагошко – психолошката служба од предучилишна установа/училиште при сомневање дека насилството му се случува на некое дете/ученик врз основа на неговото надворешно однесување или преку добиени индиректни информации за било која форма на насилство кон дете/ученик, веднаш го известуваат надлежниот центар заради заедничко и координирано преземање на активности и мерки насочени кон сеопфтна заштита на детето, водејќи се од најдобриот интерес на детето.

2. Стручните соработници од психолошко- педагошката служба од предучилишна установа/училиште, при сторено непосредно насилство на дете/ученик, веднаш ја известуваат полициската станица од општа надлежност и здравствената установа, за преземање на итна интервенција за заштита на животот и здравјето на детето, водејќи сметка за приватноста на детето/ученикот и другите учесници.

3. Стручните соработници од психолошко-педагошката служба во предучилишна установа/училиште во рамките на соработката со месно надлежниот центар од општа надлежност, споделуваат податоци и информации и тоа го прават на начин утврден со закон.

**- Во текот на извршувањето на привремените мерки за заштита, соработката се остварува на следниот начин:**

1. При извршувањето на привремените мерки за заштита, стручните соработници од психолошко-педагошката служба на предучилишна установа/училиште непосредно контактираат и взаемно постапуваат со надлежниот центар кога постои потреба за запишување на детето во друга предучилишна установа/училиште, кога постојат нарушени односи за доверување на дете и одржување на лични односи.

2. При извршувањето на привремената мерката за заштита - забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството и забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно, стручните лица од психолошко-педагошката служба во предучилишна установа/училиште соработуваат со надлежните полициски службеници и центарот, кога постои ризик за безбедноста на жртвата.

## V. СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА

Здружението односно лицето кое ја дава услугата на поддршка на жртвата на семејно насилство (во понатамошниот текст: давателот/ката на мерките на заштита), непосредно соработува со сите надлежни институции и здруженија кои преземаат мерки за заштита од семејно насилство заради давање на услуги: СОС линија, психо - социјална интервенција и третман во советувалиште, сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство, како и спроведувње на мерки за заштита (советување, придружување, пристап до здравствена заштита, помош на семејството за редовно школување на дете, правна помош и застапување, економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот или друга услуга согласно потребите на жртвата).

Од страна на Здружението односно давателот/ката на мерките на заштита при постапување во случаи на семејно насилство, како и при преземање на мерка за заштита, согласно закон, се информира жртвата за правата и услугите за поддршка на жртвата на семејно насилство (здравствена услуга, придружник, право од социјална заштита, бесплатна правна помош и друга потребна услуга), како и за начинот на остварување на услугите, во текот на целиот временски период од отпочнување на постапката до нејзиното завршување.

Давателот/ката на мерките на заштита за секој примен повик или добиена информација за семејно насилство, врши идентификација и откривање на случајот на семејно насилство, при што анонимноста и дискрецијата за жртвата се почитуваат, согласно закон.

**- При пријавување на семејно насилство, соработката се остварува на следниот начин:**

1. По извршениот контакт со жртвата, веднаш, а најдоцна за 24 часа, од страна на здружението се известува центарот, за видот на насилството, податоците за контактирање со жртвата, околностите под кои е сторено насилството и ризикот за понатамошно загрозување на животот и телото на жртвата.
2. Доколку постои непосреден ризик за животот на жртвата или членовите на семејството, од страна на здружението/давателот/ката на мерките на заштита на жртвата на семејно насилство, веднаш, а најдоцна за 24 часа, се известуваат командирот/раководното лице на надлежната полициската станица.
3. Во случај на сознание за прекршување на изречена привремена мерка/и за заштита, од страна на здружението се известува центарот, како и надлежната полициска станица за привремените мерки на заштита кои ги извршува, на начин кој соодветствува со итноста на случајот.

**- За давање на услуга на СОС линија, соработката се остварува на следниот начин:**

1. За пријавен случај на семејно насилство на СОС линија, на барање и со согласност на жртвата, операторот/ката доставува известување до центарот и/или до месно надлежната полициска станица.
2. При анонимна пријава за семејно насилство, операторот/ката веднаш, а најдоцна за 24 часа доставува писмено известување до надлежниот центар и/или полициска станица.

**- За давање на услуга на згрижување на жртви на семејно насилство, соработката се остварува на следниот начин:**

1. При згрижување по барање на жртва на семејно насилство во Центар за лица - жртви на семејно насилство, здружението веднаш, а најдоцна за 24 часа го известува надлежниот центар заради преземање на потребни мерки за заштита.
2. При згрижување на жртва на семејно насилство во Центар за лица - жртви на семејно насилство, на нејзино барање или ако е упатена од страна на стручното лице од центарот, од страна на здружението веднаш, а најдоцна за 24 часа се известува надлежната полициска станица заради обезбедување на сигурноста и безбедноста на сместеното лица.
3. Давател/ката на мерките на заштита редовно контактира со стручното лице во центарот, заради обезбедување на психосоцијална поддршка на жртвата и преземање на соодветни мерки за реинтеграција на жртвата во нејзината природна средина и секоја потребна мерка за понатамошна заштита.
4. Здружение кое дава услуги на интервентно згрижување одредува лице од тимот кое ќе го следи случајот од моментот на давање на помошта (сместување во Центар за лица - жртви на семејно насилство) до напуштање на истиот, при што контактира и соработува со центарот за социјална работа кој спроведува мерки за заштита на жртвата.
5. По завршувањето на престојот во Центар за лица - жртви на семејно насилство, жртвата се упатува во центарот за социјална работа во придружба со давател/ка на услуга од здружението.

**- Заради обезбедување на пристап до здравствена услуга, соработката се остварува на следниот начин:**

1.Доколку жртвата, која доаѓа во здружение и пријавува семејно насилство има потреба од здравствена заштита, давателот/ката на услугата ја упатува до најблиската здравствена установа или до надлежниот центар за социјална работа заради остварување на мерки на здравствена заштита или по потреба ја придружува до најблиската здравствена установа.

2.Давателот/ката на услугата остварува соработка со здравствениот работник во здравствената установа, заради обезбедување на брзо и ефикасно разменување на податоци и информации заради добивање на здравствена услуга и медицинска документација во здравствена установа.

**- При давање на услуги од психо-социјална интервенција и третман, соработката се остварува на следниот начин:**

1. За услуга - психо-социјална интервенција на жртвата на семејно насилство, дадена на нејзино барање или упатена од центар, од страна на здружението се доставува известување за резултатите од успешноста на третманот до надлежниот центар, согласно закон.

2. Кога на жртвата и се обезбедува психо-социјален третман за жртви во советувалиште, давателот/ката на услугата остварува контакт и доставува известување до центарот, на месечна основа.

3. Кога се обезбедува психо-социјален третман за сторители на семејно насилство, давателот/ката на услугата контактира и доставува известување до центарот за отпочнување на третманот и резултатите од успешноста на третманот, на месечна основа.

4. Здружението кое обезбедува услуги од психо-социјална интервенција и/или третман, соработува со надлежниот центар за социјална работа и за преземените мерки и активности го известува Националното координативно тело против семејно насилство, на секои шест месеци.

**- При давање на бесплатна правна помош, соработката се остварува на следниот начин:**

1. Здружението кое применува стандардизирани услуги за правна помош, правно советување и застапување кое е бесплатно за жртви на семејно насилство, го известува центарот за преземените мерки за заштита на жртвата, а по потреба остварува соработка со надлежната полициска станица.

2. Здружението кое применува стандардизирани услуги за правна помош за жртви на семејно насилство, регистрирано за вршење дејности од областа на социјалната заштита, може:

- на жртвата да ѝ даде правна помош и застапување;

- да соработува со овластено здружение запишано во Регистарот на здруженија за претходна правна помош, што се води при Министерството за правда, со цел да ѝ помогне на жртвата да го оствари правото за бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

3. Овластеното здружение запишано во Регистарот на здруженија за претходна правна помош, кое применува стандардизирани процедури за работа со жртви на семејно насилство, заради комплетирање и процесирање на барањето за бесплатна правна помош за бесплатно застапување на жртвата, континуирано соработува со подрачното одделение на Министерството за правда до кое е упатено барањето за бесплатна правна помош со цел за брзо и ефикасно процесирање на барањето во интерес на жртвата.

## VI. СОРАБОТКА И КООРДИНИРАНОСТ НА МУЛТИСЕКТОРСКИОТ СТРУЧЕН ТИМ

1. Во случаи на проценка за постоење на ризик за загрозување на животот и здравјето на жртвата, детето и членовите на семејството, од страна на надлежниот центар се свикува мултисекторскиот стручен тим за изготвување на безбедносен план за помош на жртвата.

2. Стручното лице од центарот од надлежните институции и здруженија бара контакт податоци на номинираните членови во мултисекторскиот стручен тим и ги ажурира добиените контат податоци на членовите.

3. Членот од мултисекторскиот стручен тим од центарот ги презема мерките од безбедносниот план што се од негова надлежност, во континуитет контактира со жртвата и членовите на семејството, презема мерки за решавање на постоечки или нови потреби за помош и заштита на жртвата и за тоа ги информира и соработува со членовите на мултисекторскиот стручен тим.

4. Членот на мултисекторскиот стручен тим од полиција ја доставува проценката на ризик до членовите на мултисекторскиот стручен тим заради заедничко спроведување на безбедносниот план.

5. Членот на мултисекторскиот стручен тим од здравствена установа ги спроведува мерките од безбедносниот план за помош на жртвата кои му се доверени и ја координира соработката со другите здравствените работници за целосна заштита и помош на жртвата.

6. По потреба, вработените стручни соработници од предучилишна установа/училиште учествуваат во мултисекторскиот стручен тим, секогаш кога во безбедносниот план за помош на жртвата на семејно насилство е потребно да се предвидат и мерки за заштита на нејзините деца. Стручни лица од предучилишните установи/училишта редовно го известуваат членот на мултисекторскиот тим од центарот за текот и начинот на спроведување на безбедносниот план за помош на жртва на семејно насилство, како и за состојбата со детето.

## VII. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА

Од страна на Националното координативно тело против семејно насилство (во натамошниот текст: НКТ) се следат состојбите со семејното насилство преку доставените известувања од евиденцијата која ја водат надлежните институции и здруженија согласно закон.

Од страна на НКТ во годишниот извештај за работата и постапувањето во случаите поврзани со семејно насилство за претходната година се оценува:

- меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија, врз основа на претходно добиени известувања од надлежните институции и здруженија,
- функционирањето на мултисекторските тимови, врз основа на претходно добиено известување од Министерството за труд и социјална политика,

- ефикасноста на соработката и координацијата со секој од чинителите во поглед на остварување на најдобра помош и заштита на жртвата, врз основа на претходно добиено известување од здруженијата кои постапуваат во случаи на семејно насилство на годишна основа.

Од страна на НКТ се даваат насоки за унапредување на соработката и координацијата до надлежните институциии/здруженија врз основа на редовно следење на прегледите, известувањата, информациите и оценките добиени од надлежните институции и здруженија.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. По донесувањето на овој протокол, сите надлежни институции и здруженија преземаат мерки за негова доследна примена.

2.Овој протокол се заснова на законските прописи, а во случај на измена и дополнување на законите кои влијаат на неговата примена, секоја институција во согласност со својата надлежност предлага измени на Протоколот, најдоцна 30 дена од донесувањето на регулативата.

3. Овој протокол влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8313/1
19 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.